Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница со која претседаваше Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми одржана на 20.09.2024 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 63 став 1 и 2 и член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ"бр.14/22), одлучувајќи по Иницијативата за утврдување начелен став и начелно правно мислење, поднесена од Иво Младеновски, адвокат од Скопје, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**Иницијативата** поднесена од Иво Младеновски, адвокат од Скопје, заведена под Су-03 бр. 543/24 од 23.08.2024 година**, НЕ СЕ УСВОЈУВА.**

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите, адвокат Иво Младеновски од Скопје, поднесе барање до Врховниот суд на РСМ заведено под 03Су.бр.543/24 од 23.08.2024 година, Општата седница да утврди начелен правен став и начелно правно мислење, по однос на постапување на судиите и службениците во Управниот суд при изготвување и доставување на изготвени пресуди, за начинот на постапување со конкретна пресуда, како и начинот на однесување кон него како странка во постапката.

Подносителот во иницијативата бара Врховниот суд на Република Северна Македонија да утврди начелен став и начелно правно мислење според кое во иднина ќе го задолжи Управниот суд при достава на заверен препис од пресудите до странките и нивните полномошници, истите задолжително во делот каде се наведуваат личните податоци за записничар – судски советник и за надлежниот судија, биде јасно наведено дека истите се имаат потпишано на изворникот на пресудата односно на заверениот препис кај нивните лични податоци задолжително да се наведе с.р. односно своерачно потпишано, за да странките воопшто не се сомневаат во веродостојноста на пресудата или дека истата е донесена евентуално од неовластени лица во рамките на судот. Воедно да го задолжи Управниот суд задолжително сите пресуди како и конкретно наведената пресуда да се изработуваат со запазување на законскиот рок и истите да се објавуваат на веб страната на судот согласно законот, како би можела и пошироката јавност да се запознае со содржината на истите.

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите Врховниот суд на Република Северна Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите во рок од 3 месеци, но не подолго од 6 месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на Претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Видно од содржината на Иницијативата која и покрај тоа што е поднесена согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, подносителот единствено укажува на повреда на права на странка во судска постапка по одреден предмет со однесување на судија, односно службени лица во судот, но согласно наведената законска одредба не се укажува на одредено прашање од значење за обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите.

Имајќи го предвид горенаведеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија оцени дека во конкретниот случај не се исполнети законски услови согласно член 37 став 1 од Законот за судовите, односно не постои невоедначена судска практика во судовите во Република Северна Македонија поради што одлучи како во изреката на овој Заклучок.

**ОПШТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**